АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ
ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.7 Б/1-1; 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
тел./факс (... 38902) 3290811 ; E-маил: conevskig@t.mk

Адвокат Гоце Цоневски; ;Адвокат Марија Тодоровска;
Адвокат Матија Витанова Николеска: Адвокат Рахела Цоневска

ОСНОВЕН СУД ШТИП
Примен непосредно-по пошта (обично-препорачано)
14. 07. 2021 год. во 2 примероци со 35 прилози.
Предадено по пошта препорачано со приватниц
бр. 20 год.
Писменото е со такса со ден.
-недостасува такса ден.
12,40

Врска: П4 бр.78/15

ПРЕКУ: ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП

ДО : ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5

ТУЖЕН : 1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Ген. Михајло Апостолски бр.7-3 штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Никола Љуботенски, со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со е-маил: conevskig@t.mk,
2. Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 штип, со ЕМБС 4805178 и ЕДБ 4029994108584, застапувано од Управителот Ристе Љуботенски, со со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk,

ОСНОВ: Надомест на штета

ВРЕДНОСТ: 1.915.458,00 евра

Р Е В И З И Ј А

ОД ТУЖЕНИОТ Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип,
преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1

ПРОТИВ: - Пресудата на Основниот суд во Штип П4-78/15 од 18.01.2016 година
- Пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година

Пред Основниот суд Штип се водеше постапка по тужбата на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, со живеалиште во Германија против тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип за надомест на штета во износ од 1.915.458,00 евра.

Со Пресуда П-4 бр.40/14 од 30.01.2015 година, Основниот суд во Штип го усвои тужбеното барање на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, Руска Федерација, ги задолжи тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата прецизирана во пресудата, како и да му ги надоместат трошоците на постапката во износ од 207.060,00 денари и тоа во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

Незадоволни од наведената пресуда, тужените преку својот полномошник поднесоа жалба проив истата, по сите жалбени основи, а со Решение ГЖ-535/15 од 13.10.2015 година, Апелациониот суд во Штип ја уважи жалбата на тужените, ја укина првостепената пресуда и предметот го врати на првостепениот суд на повторно судење, со јасни напатствија за тоа кои дејствија треба да ги превземе првостепениот суд со цел да ги отстрани направените суштествени повреди на одредбите од парничната постапка, целосно и правилно да ја утврди фактичката состојба и правилно да го примени материјалното право.

Во повторното судење, непочитувајки ги напатствијата на второстепениот суд, **Основниот суд во Штип** повторно донесе идентична незаконита **Пресуда П4-78/15 од 18.01.2016 година**, со која повторно го усвои тужбеното барање на тужителот Владислав Михаилович Втулкин, ги задолжи тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, на тужителот да му надоместат штета во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата прецизирана во пресудата, како и да му ги надоместат трошоците на постапката во износ од 268.080,00 денари и тоа во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

Незадоволни од наведената пресуда, тужените преку својот полномошник повторно поднесоа жалба против истата, по сите жалбени основи.

Со Пресуда ГЖ-380/16 од 23.12.2016 година, Апелациониот суд во Штип **ја уважи жалбата на тужените, ја преиначи** Пресудата на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година и **го одби како неосновано тужбеното барање** на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва-Руска Федерација, со кое бара да се задолжат тужените Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако ДОО увоз-извоз Штип на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата, како и да му ги надоместат трошоците во постапката во износ од 268.080,00 денари.

Незадоволен од второстепената пресуда ГЖ-380/16 од 23.12.2016 година, тужителот поднесе Ревизија до Врховниот суд на Република Македонија, а со Решение Рев2.бр.180/2017 Врховниот суд на Република Македонија ја усвои ревизијата, ја укина пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ-380/16 од 23.12.2016 година и предметот го врати на второстепениот суд на повторно одлучување.

По повторното судење, со Пресуда ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година, Апелациониот суд во Штип, повторно **ја уважи жалбата на тужените, ја преиначи** Пресудата на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година и **го одби како неосновано тужбеното барање** на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва-Руска Федерација, со кое бара да се задолжат тужените Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако ДОО увоз-извоз Штип на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата, а воедно го задолжи тужителот да им ги надомести на тужените трошоците во постапката во износ од 167.836,00 денари.

Незадоволен од второстепената пресуда ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година, тужителот повторно поднесе Ревизија до Врховниот суд на Република Северна Македонија. Постапувајќи по поднесената Ревизија од тужителот, Врховниот суд на РСМ со Решение Рев2.бр.463/2019 од 27.01.2021 година ја усвои ревизијата, ја укина пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година и предметот го врати на второстепениот суд на повторно одлучување.

При повторното судење Апелациониот суд Штип наспроти насоките на Врховниот суд на Република Северна македонија и сите претходно донесени одлуки во врска со истата правна

работа, донесе одлука која е целосно спротивна на претходните второстепени одлуки иако е одлучувано врз основа на истите факти и докази, конкретно ја донесе **Пресудата ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година** со која ја одби жалбата на тужените Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако ДОО увоз-извоз Штип како неоснова **и ја потврди Пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година** на Основниот суд Штип.

Незадоволен од наведените пресуди, тужениот преку својот полномошник, поднесува Ревизија врз основа на **одредбите од член 375 став 1 т.1, т.2 и т.3 од ЗПП**, против Пресудата на Основниот суд во Штип П4-78/15 од 18.01.2016 година и Пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година, заради :

I. Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од чл. 343 ст.2 т.14 од ЗПП сторени во постапката пред првостепениот и второстепениот суд ;

II. Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од чл. 343 ст.1 од ЗПП сторени во постапката пред второстепениот суд ;

III.Погрешна примена на материјалното право, сторена во постапката пред првостепениот и второстепениот суд.

Му предлагам на Врховниот суд да ја уважи ревизијата во целост, да ги укине Пресудата на Основниот суд во Штип П4-78/15 од 18.01.2016 година и Пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година и предметот да го врати на повторно одлучување, односно да ја уважи ревизијата и да ги преиначи пресудите на начин што ќе го одбие тужбеното барање на тужителот во целост како неосновано, заради следното:

О б р а з л о ж е н и е

I.1 Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од чл. 343 ст.2 т.14 од ЗПП сторени во постапката пред првостепениот суд ;

Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка сторени во постапката пред првостепениот суд состои во тоа што, пресудата е неразбирлива, не содржи доволно јасни и образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при одлучувањето, дадените причини се во противречност со содржината на изведените докази, па како таква, пресудата содржи недостатоци поради што не може во целост и со сигурност да се испита.

1. Пред се, нејасно е како првостепениот суд утврдил дека тужените правни лица се **пасивно легитимирани** во овој спор. Во состојба кога првостепениот суд во целост се повикува на одредбите од Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 год. склучен помеѓу двете физички лица - тужителот Владислав Втулкин и лицето Ристе Љуботенски, како и во услови кога во првостепената пресуда судот се повикува исклучиво на одредбите од Законот за облигационите односи (игнорирајки ги во целост ЗТД и другите соодветни закони), не е јасно како можел судот да утврди дека двете правни лица се пасивно легитимирани во овој спор ?????? Тужените како правни лица не го потпишале договорот за Деловно-техничка и финансиска соработка, ниту истиот е заверен со печат или архивски печат на било кое од двете тужени друштва, ниту пак овој договор бил евидентиран во книговодствената евиденција на било кој од двете тужени друштва. Не е јасно како првостепениот суд утврдил дека при склучувањето на Договорот Ристе Љуботенски не постапувал во свое име, туку во име и за сметка на двете друштва ??? Од кои докази судот го утврдил овој решителен факт ???

2. Како е можно првостепениот суд директно да одлучува за надомест на штета без претходно децидно да го утврди правниот основ за надомест на штета и особено евентуалната **вина кај тужените за настанатата штета**, и тоа за секој од тужените одделно, кој од тужените

каква штета му причинил, со кои дејствија, во кој износ и сл. Дотолку повеќе што, ниту во тужбата, но ниту во првостепената или второстепената пресуда, тужените не се тужени како солидарни должници,ниту пак се задолжени да ја надоместат штетата како солидарни должници.

3. Првостепениот суд воопшто не ја примени одредбата од член **366 ст.1 од ЗПП** на новата главна расправа и **не постапи по напатствијата од Апелациониот суд во Штип**. Имено, иако со Решението на Апелациониот суд во Штип ГЖ-535/15 од 13.10.2015 год. со која беше укината претходната пресуда П-4 бр.40/14 од 30.01.2015 година, на првостепениот суд му беа дадени јасни насоки и напатствија, односно му беше укажано кои спорни прашања треба да ги расправи и кои парнични дејствија треба да ги превземе, занемарувајќи ги во целост истите, првостепениот суд донесе идентична пресуда во буквална смисла на зборот. Поконкретно, со Решението на Апелациониот суд во Штип ГЖ-535/15 од 13.10.2015 год. **на првостепениот суд јасно му беше укажано дека**: " При повторното судење првостепениот суд ќе треба да ги отстрани погоре наведените суштествени повреди, на начин што во образложението на пресудата **ќе даде доволно причини за решителните факти** и со сигурност ќе утврди дали тужителот вршел плаќања на парични средства за потребите на тужените на начин како што прифаќа првостепениот суд, при што со сигурност ќе утврди кога е извршено плаќањето, на кој начин и кој износ е платен, на кој начин и по чиј налог и дали е доставена опремата кај тужените. При тоа потребно е првостепениот суд повторно да ги изведе веќе изведените докази при што да има предвид дека потврдите кои ги доставуваат тужителот и тужените не се сигурен доказ од кои може да се утврди дека е извршено плаќање, во отсуство на други книговодствени и финансови документи како Извештајот за констатираната состојба на економското правно биро на Компанија НБ Скопје од 10.10.2015 година дали претставува вештачење и дали истото е во согласност со чл.236 од ЗПП. Од веќе изведените и раположливи докази првостепениот суд доколку утврди дека е вршено плаќање, да утврди кога се извршени тие уплати, од што ќе зависи дали има застареност на побарувањето на тужителот, на кое се повикуваат тужените во текот на првостепената постапка. Откако првостепениот суд ќе ги отстрани горе наведените суштествени повреди, потоа со правилна примена на материјалното право ќе може да донесе правилна и законита одлука. "

Но, првостепениот суд постапи сосема спротивно од укажувањата на второстепениот суд и спротивно на одредбите од ЗПП, па не само што не ги изведе сите парнични дејствија и не ги расправи сите спорни прашања на кои му беше укажано (што е негова должност согласно одредбата од чл. 366 ст.1 од ЗПП), туку повторно, по сите претходни укажувања, си дозволи да не ги применува и погрешно да ги толкува одредбите од ЗПП.

4. Првостепениот суд можел да утврдува надомест на штета во пари, **само доколку претходно врз основа на докази изведени во постапката, утврди дека не е можно да се воспостави поранешната состојба.** Според тужителот, тој претрпел штета затоа што Ристе Љуботенски не ги исполнил своите обврски од Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка од 2004 година, на начин што во актите на туженот ИМАКО ДОО Штип, го запишал како сопственик на удели во висина од 49 % а тужителот смета дека требало да биде запишан како сопственик на 50 % од уделите, како и затоа што не бил воопшто запишан како сопственик на удели и тоа 50 % од уделите, во актите на туженот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип.

Во ваков случај, првостепениот суд бил должен прво да докаже дека не е можно преземање на дејствија од страна на тужените за враќање на состојбата како пред настанување на предметната штета (запишување на тужителот како содружник односно сопственик со 50 % од уделите во двете тужени друштва), па дури потоа да утврдува надомест на материјална штета во пари.

На ова обврска на судот, која произлегува од **одредбите од членот 174 од ЗОО в.в со одредбата од член 258 од ЗОО**, јасно упатува и судската практика, односно **Пресудата на Апелациониот сид во Битола ГЖ.бр.653/17 од 04.04.2017 година, потврдена со одлука на Врховниот суд на РМ Рев2. бр.460/2017 од 23.05.2018 година**. Со наведените одлуки, Апелациониот суд во Битола и Врховниот суд на РСМ јасно и децидно утврдиле дека

тужителот има право на надомест на материјална штета во паричен износ, само доколку прво докаже дека не е можно преземање на дејствија од страна на туженият за враќање на состојбата како пред настанување на предметната штета.

ДОКАЗ : 1. Одлука на Апелациониот сид во Битола ГЖ.бр.653/17 од 04.04.2017 год.
2. Одлука на Врховниот суд на РМ Рев2. бр.460/2017 од 23.05.2018 година.

I.2 Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка сторени во постапката пред второстепениот суд

1. Пред се, Апелациониотсуд во Штип како второстепен суд, со пресудата ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година, ги сторил истите повреди што ги сторил и првостепениот суд со тоа што ја одбил жалбата како неоснована и ја потврдил првостепената пресуда, прифаќајки ги притоа во целост истите причини и наводи на првостепениот суд, со сите нивни недостатоци. Покрај тоа, второстепениот суд сторил и нови суштествени повреди на одредбите од парничната постапка во текот на второстепената постапка.

Поконкретно :

Второстепената пресуда е исто така неразбирлива, не содржи доволно јасни и образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при одлучувањето, дадените причини се во потполна противречност со содржината на изведените докази, постои противречност меѓу она што во причините на се наведува за содржината на исправите и записникот и самите исправи односно записник.

Воедно, Второстепениот суд воопшто не ги ценел жалбените наводи содржани во жалбата на тужените против првостепената пресуда, кои се од решително значење, со што сторил суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од член 343 ст.1 в.в со член 363 од ЗПП. Ова особено се однесува на прашањата за непостоење на пасивна легитимација на страна на тужените правни лица, на непостоењето на докази со кои се докажува тужбеното барање, непостоењето на активна легитимација на тужителот да истакнува вакви побарувања према правните лица и сл.

Исто така, Второстепениот суд воопшто не ја примени одредбата од член 366 ст.1 в.в со член 390 од ЗПП и не постапи по напатствијата од Врховниот суд на РМ, дадени во Решение Рев2.бр.463/2019 од 27.01.2021 година .

Второстепениот суд со потврдувањето на првостепената пресуда со која му се утврдува на тужителот надомест на материјална штета, без претходно воопшто да биде утврдувано дали е можно да се воспостави поранешната состојба (да биде запишан како содружник односно сопственик на 50 % од уделите кај двете друштва), ја направил истата повреда како и првостепениот суд, иако одредбата од член 174 од ЗОО јасно укажува на тоа дека тужителот има право на надомест на материјална штета во паричен износ, само доколку претходно докаже дека не е можно преземање на дејствија од страна на туженият за враќање на состојбата како пред настанување на предметната штета.

II. Покрај наведените повреди кои ги сториле двата суда, Второстепениот суд сторил суштествена повреда на одредбите од парничната постапка и во текот на второстепената постапка.

- Пред се, иако и двете странки (тужителот и туженият) писмено бараа од Апелациониот суд со оглед на обемноста, комплицираноста и долготрајноста на ова парнична постапка, врз основа на одредбите од чл. 351 ст.2 и 3 и чл. 352 од ЗПП, да закаже расправа на која ќе ги повика странките и нивните полномошници, Второстепениот суд тоа не го стори и донесе одлука на седница игнорирајки ги барањата на двете странки во постапката.

- Покрај тоа, Второстепениот суд стори суштествена повреда на одредбите на парничната постапка утврдени во **чл. 343 ст.2 т.10 од ЗПП**, бидејќи **дозволи во второстепената постапка како тужен да учествува лице кое не може да биде странка во постапката**.

Поконкретно, на 29.03.2021 година, (значи пред второстепениот суд да одлучува по жалбата) Ристе Љуботенски како основачот и управител на Трговското друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, добил **Решение од Централниот регистер** на Република Северна Македонија, со кое **се запишува престанок на второтуженият** - Трговско друштво за трговија, производство и услуги **ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип**, ул. Михајло Апостолски бр.34-5 Штип, со ЕМБС 4805178 . Воедно, на 29.03.2021 година истиот извадил и Тековна состојба односно Состојба за избришан субјект од Централниот регистер на Република Македонија, од која се гледа дека второтуженият - Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, со ЕМБС 4805178 и ЕДБ 4029994108584 **е избришано од Трговскиот регистар** на ден **18.02.2016 година.**

Со наведените докази несомнено се потврдува дека туженият ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, **престанал да постои** и против истиот не може да се води парничната постапка, па туженият Винарска визба Имако Вино преку својот полномошник, достави Поднесок до судот на 09.04.2021 година (два месеци пред донесувањето на второстепената одлука), со кој достави докази и го извести Второстепениот суд дека врз основа на одредбите од **чл. 200 ст.1 т.4 и чл.203 ст.2 в.в. чл. 74 од ЗПП,** судот треба да ја запре постапката према туженият ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип и да донесе Решение со кое ќе ја отфрли тужбата према ова тужено друштво.

ДОКАЗ: 1. Поднесок од Првотуженият од 09.04.2021 година
2.Решение од Централниот регистер на Република Северна Македонија деловоден број 30120160005665 од 29.03.2021 год. (во оригинал);
3.Состојба за избришан субјект од Централниот регистер на Република Северна Македонија бр. 0805/155020210023703 од 29.03.2021 год. (во оригинал).

Меѓутоа, наместо да ги примени одредбите од **член 200 ст.1 точка 4 и чл.203 ст.2 в.в. чл. 74 од ЗПП,** да ја запре постапката према туженият ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип и да донесе Решение со кое ќе ја отфрли тужбата према ова тужено друштво, Второстепениот суд од несфатливи причини утврдува дека овој поднесок Апелациониот суд не можел да го земе во предвид премолчувањето бидејќи се работело за доказ предложен и доставен надвор од роковите предвидени во ЗПП, како рокови во кои може да се предлагаат и доставуваат докази. Воедно Второстепениот суд прави уште една суштествена повреда на одредбите од ЗПП констатирајќи дека доколку настанале услови за прекин на постапката, бидејќи судот одлучувал по жалбата на не јавна седница и без расправа, тоа значело дека немало пречки да донесе одлука по жалбата иако настанала некоја причина за задолчителен прекин од чл.200 од ЗПП.

Наведената суштествена повреда која ја направи Второстепениот суд е дотолку поголема, бидејќи од една страна, два месеци пред одржувањето на седницата, со писмен поднесок и доставени докази беше информиран дека туженият Трговското друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип ПРЕСТАНАЛ ДА ПОСТОИ, дека е ИЗБРИШАН ОД ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР и дека доказите за тоа дека туженият ги добива дури на 29.03.2021 година, а од друга страна, **согласно одредбата од членот 74 од ЗПП, судот е должен во текот на целата постапка по службена должност да внимава дали лицето кое се јавува како странка може да биде странка во постапката**.

На овој начин, Второстепениот суд донел и потполно **незаконита одлука која во никој случај не може да се изврши**, бидејќи задолжува Друштво кое повеќе не постои и е избришано од Трговскиот регистар, да надоместува штета во енормен паричен износ. Нејасно е, како тужителот може да бара од ова друштво кое не постои, да исплаќа било каков паричен износ ???? Дотолку повеќе што, ниту во тужбата, ниту во првостепената или второстепената пресуда, тужените не се тужени како солидарни должници .

Исто така, со оглед на тоа што тужителот се обидува да прикаже дека активната легитимација спрема првотуженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ја црпи-стекнува со тоа што

бил содружник на второтуженият ИМАКО ДОО, кој пак, претходно бил содружник на првотуженият, бидејки второтуженият ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, престанал да постои, по тој основ тужителот сега не може да истакнува никакви тужбени барања према првотуженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип.

III. Погрешна примена на материјалното право, сторени во постапката пред првостепениот и второстепениот суд (чл.375 ст1.т.3 од ЗПП):

Двата суда не ги примениле одредбите од материјалното право кои биле должни да ги применат, а одредени одредби примениле сосема погрешно.

Иако двата суда во своите пресуди се повикуваат единствено на одредбите од ЗОО, истите воопшто не примениле некои клучни одредби од овој закон, а некои одредби сосема погрешно ги примениле .

1. Пред се, двата суда воопшто не ги примениле одредбите **од членот 174 од ЗОО в.в со одредбата од член 258 од ЗОО.**

Имено, од одредбите од овие членови, јасно и недвосмислено произлегува дека судот можел да утврдува надомест на штета во пари, **само доколку претходно врз основа на докази изведени во постапката, утврдил дека не е можно да се воспостави поранешната состојба.** Со оглед на тоа што, според наводите на двата суда, тужителот претрпел штета затоа што Ристе Љуботенски не ги исполнил своите обврски од Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка од 2004 год. (на начин што во актите на туженият ИМАКО ДОО Штип го запишал како сопственик на удели во висина од 49 % а наводно требалода биде запишан како сопственик на 50 % од уделите, како и затоа што не бил воопшто запишан како сопственик на 50 % од уделите, во актите на туженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип), првостепениот суд бил должен прво да докаже дека не е можно преземање на дејствија од страна на тужените за враќање на состојбата како пред настанување на предметната штета (запишување на тужителот како содружник односно сопственик со 50 % од уделите во двете тужени друштва), па дури потоа да утврдува надомест на материјална штета во пари.

На оваа обврска на судот, која произлегува од одредбите од членот 174 од ЗОО в.в со одредбата од член 258 од ЗОО, јасно упатува и судската практика, односно **Пресудата на Апелациониот сид во Битола ГЖ.бр.653/17 од 04.04.2017 година, потврдена со одлука на Врховниот суд на РМ Рев2. бр.460/2017 од 23.05.2018 година**. Со наведените одлуки, Апелациониот суд во Битола и Врховниот суд на РСМ јасно и децидно утврдиле дека тужителот има право на надомест на материјална штета во паричен износ, **само доколку прво докаже дека не е можно преземање на дејствија од страна на туженият за враќање на состојбата како пред настанување на предметната штета**. Но, во првостепената постапка судот не само што ова воопшто не го утврдил, туку и воопшто не изведувал никакви докази на овие околности.

Со тоа што не ги применил цитираните одредби и Второстепениот суд погрешно го применил материјалното право кога ја потврдил првостепената пресуда.

2. Секако, најголема небулоза и контрадикторност претставува ставот на првостепениот суд, за тоа дека тужбеното барање кое произлегува од неисполнувањето на обврските во Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 2004 годин, **НЕ Е ЗАСТАРЕНО** бидејки **со дејствијата превземени во 2008 година, настапил прекин на застареноста** на тужбеното барање за надомест на штета за кое судот утврдува дека застарува за 5 години.

Неспорно е дека застареноста претставува материјално-правно прашање за кое мериторно одлучува судот со пресуда, но исто така е неспорно дека тужбеното барање на тужителот е **апсолутно застарено** без оглед на тоа по кој правен основ е поднесено и од кои причини тужителот бара надомест на штета, бидејки Договорот за деловно-техничка и

финансиска соработка бил склучен на **13.11.2004 година**, а во секој случај, дури и доколку се земе најповолниот период за тужителот, а тоа **е 2007 година** кога се извршени последните уплати од странските правни лица (иако по основ плаќање на купено вино од тужените, а тужителот нема никаква поврзаност со наведените правни лица кои купувале вино од тужените), бидејќи тужбата, кривичните пријави, Предлогот за издавање на привремена мерка, дури и овластувањето на Полномошникот, сите се превземени во текот на **2013 година**, што значи по истекот на **повеќе од 6 години,** а апсолутниот рок на застареност на побарувањата согласно одредбите од ЗОО изнесува 5 години.

Овој факт го потврдува и самиот првостепен суд цитирајќи ги одредбите од чл. 360 и 365 ст.2 од ЗОО, во кои е децидно утврдено токму тоа дека: Побарувањата застаруваат за пет години (чл.360); Побарувањата на надомест на причинета штета застарува за три години од кога оштетениот дознал за штета и за лицето кое ја сторило штетата, а во секој случај ова побарување застарува за пет години од кога настанала штетата.

Првостепениот суд сосема погрешно ја применил одредбата за прекин на застареноста утврдена во член **377 од ЗОО**, во која е јасно и децидно пропишано дека : „ **Застарувањето се прекинува со поднесување на тужба и со секое друго доверителово дејствие превземено против должник ПРЕД СУД ИЛИ ДРУГ НАДЛЕЖЕН ОРГАН.**

Со оглед на тоа што првостепениот суд се повикува на дејствијата кои ги преземал тужителот во 2008 година, а неспорно е дека единствени дејствија кои ги превземал, како што е наведено на страна 7 од првостепената пресуда : „Во **м. Април 2008 год.** веќе тужителот се заинтересирал за своите побарувања, односно неизвршување на обврските на туженият спрема него, па **се обратил во адвокатската канцеларија Поленак**, каде што била повикана и Софија Нацева која претходно ги правела документите за соработка помеѓу странките во овој спор. Тужителот веќе на ден 26.04.2013 година пуштил и кривична пријава против туженият токму за оваа правна работа и тоа на ден 08.04.2013 година, а примена во Основното јавно обвинителство во Скопје на ден 26.04.2013 година. Според овој суд и од цитираните законски одредби јасно произлегува дека **тужителот сметано од 05 м. 2008 година веќе презел обврски за остварување на своето побарување,** така да **во пролета 2013** година веќе има и предлози за времена мерка забрана на располагање со имотот на туженият, што се потврдува со решението на второстепениот суд за издадената времена мерка, и ако се има сето тоа во предвид **значи дека не е поминат рокот од 5 години**, како што бара чл.365 од ЗОО.“

Од наведените нејасни и небулозни наводи навистина е нејасно **со кои тоа дејствија на тужителот се прекинува застареноста.????** Доколку е ноторен фактот дека Договорот за деловно техничка и финансиска соработка бил склучен на **13.11.2004 година**, а во месец **април 2013 година** тужителот поднел кривична пријава (која подоцна била во целост отфрлена) и Предлог за издавање на решение за привремена мерка, тоа апсолутно значи дека **поминале речиси девет години, а не пет години како што утврдува судот**.

Најчудно од се, врз основа на кои законски одредби или макар судска пракса, првостепениот суд утврдува дека **со интересирање** на било кој доверител за своите побарувања **и со разговор со адвокат, се прекинува застареноста на побарувањето** ?????

Согласно дефинирањето на поимот адвокат и адвокатската дејност утврдени во Уставот на Р. Македонија, Законот за адвокатура, ЗПП, ЗКП, ЗОО, ЗОУП и бројни други закони, особено во однос на правата, обврските и овластувањата кои ги има адвокатот, јасно може да се констатира дека **адвокатот не е ниту суд ниту надлежен орган**.

Одтаму, навистина е **нејасно во кој закон или пропис е утврдено дека адвокатот е СУД ИЛИ НАДЛЕЖЕН ОРГАН, па дејствијата интересирање и разговор со адвокат да можат да предизвикаат прекин на застареноста** ????

Овој став на првостепениот суд може да значи само дека судот самоиницијативно ги менува одредбите за прекин на застареноста утврдени во ЗОО или пак првостепениот суд го смета времето според некој друг – за нас непознат календар !!!!!

Второстепениот суд со својата одлука го потврдува крајно небулозниот став на првостепениот суд, но од еден респектабилен Апелационен суд, тоа во никој случај не може да биде прифатливо, бидејќи ваквиот став не само што е спротивен на одредбите од член 377 од ЗОО, туку е спротивен на целокупната досегашна судска практика и е лишен од било каква елементарна логика. Прекин на застарувањето настанува само со поднесување на тужба или со друго доверителово дејствие против должник **пред суд или друг надлежен орган**, Второстепениот суд бил должен барем да објасни по кој закон или пропис, адвокатот претставува суд или орган ???????????

3. Двата суда воопшто не примениле ниту една одредба од Законот за трговските друштва (ЗТД) иако тужените во повеќе наврати, во сите свои писмена се повикуваа и цитираа одредби од овој закон. Земајќи го во оглед фактот дека тужени се две правни лица, по основ надомест на штета, двата суда биле должни да ги применат одредбите од овој закон.

Тужителот никогаш ниту бил ниту пак можел да биде содружник на туженият Винарска визба ИМАКО ВИНО, ниту пак може да истакнува било какви оштетни побарувања према овој тужен, бидејќи не бил склучен Договорот за основање на друштвото, не уплатил никаков основен влог, не биле склучени и потпишани другите потребни акти, не била поднесена пријава до трговскиот регистар, истиот не стекнал удели, ниту некаде се запишани и сл. Одтаму, тужителот не може да има третман на содружник кој има 50 % од уделите на овој тужен, ниту пак по тој основ да бара некаков надомест на материјална штета. Ова јасно произлегува од одредбите од ЗТД. Имено, во **член 170 од ЗТД** е утврдено дека ДОО се основа со Договор за друштвото кои го склучуваат сите основачи. Во **член 171 од** истиот закон децидно се наведени елементите кои задолжително мора да ги содржи Договорот за основање на друштвото. Во **член 172** од истиот закон е утврдено дека основната главнина на друштвото се состои од збирот на влоговите на содружниците, а во наредните **членови 172-177** е утврдена обврска на сите содружници да ги уплатат веднаш своите влогови во друштвото. Во **член 182 и 183** е утврдена обврската за поднесување пријава за упис и прилозите кои треба да бидат доставени кон пријавата. Во **член 186 став 1 од ЗТД** е децидно утврдено дека содружникот е должен влогот да го уплати во целост во согласност со Договорот за друштвото, а **во став 3** од истиот член дека содружниците не можат да бидат ослободени, ниту може да им биде олеснето или одложено исполнувањето на обврската за плаќање на паричниот влог како и дека *обврската за плаќање на паричниот влог не може да се пребива со побарување спрема друштвото*. Воедно во став 7 во однос на должноста на содружникот за уплата на влогот, *децидно е утврдено дека одредбите од Договорот за друштвото, како и другите правни работи и дејствија спротивни на одредбите од член 186 се ништовни.*

Конечно, дури и под претпоставка тужителот навистина да вршел уплати на име основен влог или зголемување на основна главнина како физичко лице (што секако не е случај), а овие негови уплати не биле евидентирани во актите на друштвото и Централниот (трговскиот) регистар, па тужителот како содружникот претрпел штета по овој основ, во таков случај, согласно член 181 став 5 од ЗТД **може со тужба да бара надомест на штета само од другиот содружни и управителот (Ристе Љуботенски како физичко лице), не и од Друштвото како правно лице,** Притоа, правото да се бара надомест на штета застарува за 5 години .

Доколку пак тужителот смета дека без негова согласност и на друг начин неправилно биле донесени некакви одлуки во првотуженият, согласно одредбите од чл. 225, 226 и 227 од ЗТД, можел со посебна тужба да ги побива или да бара поништување на таквите одлуки, во роковите утврдени во овие одредби од ЗТД. Но, тужителот такво нешто никогаш не барал, ниту бара во оваа постапка, ниту пак би можел да бара бидејќи роковите утврдени во ЗТД се одамна истечени и настапила застареност за истакнување на вакви тужби, бидејќи согласно одредбата од член 225 став 4 и 227 став 3 од ЗТД, ваква тужба може да се поднесе **во рок од 60 дена** од денот на донесување на одлуката . Но, тужителот такво нешто не бара во оваа постапка.

Значи, доколку тужителот смета дека е содружник на првотуженият, но не е запишан како содружник во актите на друштвото и Централниот регистар, за да стекне содружнички

статус, согласно одредбите од ЗТД, задолжително мора претходно во друга постапка да побара од судот да донесе пресуда со која ќе се утврди неговиот содружнички однос кај првотуженият, врз основа на таква пресуда да бара да биде запишан во Централниот регистар и актите на Друштвото како содружник, па дури потоа во ваква постапка да бара евентуален надомест на штета. Притоа, видно од претходно наведените одедби од ЗТД, доколку бара надомест на штета заради тоа што не бил запишан или поради некакви неправилно донесени одлуки во друштвото, **пасивно легитимиран може да биде единствено Ристе Љуботенски како физичко лице**-другата договорна страна во Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка, но и како содружник и управител, кој не ги превземал потребните дејствија за упис на тужителот како содружник или донел неправилни одлуки во Друштвото.

Со оглед на изнесеното, му предлагам на Врховниот суд на РМ, да ја уважи ревизијата во целост, да ги укине Пресудата на Основниот суд во Штип П4-78/15 од 18.01.2016 година и Пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година и предметот да го врати на повторно одлучување, односно да ја уважи ревизијата и да ги преиначи пресудите на начин што ќе го одбие тужбеното барање на тужителот во целост како неосновано и ќе го задолжи тужителот да му ги надомести на туженият трошоците на постапката согласно приложениот трошковник и дополнителните трошоци за состав на Ревизија износ од 99.402,00 денари и судска такса за Ревизија во износ од 96.000,00 денари.

ПОСЕБНА НАПОМЕНА :

Со оглед на тоа што туженият претходно до Основниот суд во Штип поднесе Предлог за повторување на постапката со предлог за издавање на привремена мерка, по кој е заведен предметот ППОВ бр.5/21, со оглед на тоа што се поднесени два вонредни правни лекови, му предлагам на судијата поединец односно претседателот на советот на првостепениот суд, во смисол на одредбата од **чл. 402 ст.2 и 403 ст.2 од ЗПП**, најпрво да се одлучува по Предлогот за повторување на постапката, односно **да донесе решение со кое ќе ја прекине постапката по ревизијата до завршување на постапката по повод Предлогот за повторување на постапката.**

Ова пред се од причини што, Предлогот за повторување на постапката воопшто не е поднесен од причини поради кои може да се изјави ревизија, односно Ревизијата се поднесува од сосема различни причини и основи од причините-основите поради кои е поднесен Предлогот за повторување на постапката. Предлогот за повторување на постапката е поднесен поради дознавање на нови докази и нови факти од кои судот ќе може да утврди сосема поинаква фактичка состојба и да донесе сосема поинаква пресуда во корист на туженият, а од друга страна, ревизија не може да се поднесе поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба.

Прилог : Одлука на Апелациониот сид во Битола ГЖ.бр.653/17 од 04.04.2017 год.
Одлука на Врховниот суд на РМ Рев2. бр.460/2017 од 23.05.2018 година.
Поднесок од Првотуженият од 09.04.2021 година
Решение од Централниот регистер на Република Северна Македонија деловоден број 30120160005665 од 29.03.2021 год.
Состојба за избришан субјект од Централниот регистер на Република Северна Македонија бр. 0805/155020210023703 од 29.03.2021 год.

Скопје,

14.07.2021 год.

За Првотуженият,

Полном. Адв. [illegible]